01-162
06.09.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 01-162/2
09.09.2021 год.
Свети Николе

ДО

Совет на Општина Свети Николе

Предмет: Достава на Годишен извештај за работата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе

Почитувани,

- Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе ви доставува Годишен извештај за работата за учебната 2020/21 година број 01-162 од 06.09.2021 година согласно член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и бара од Вас истиот да го усвоите.

Во Прилог ви доставуваме:

- Одлука за усвојување од Управниот одбор на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе

Со почит,

Ј.О.У.Д.Г Рахилка Гонева
Свети Николе
Директор

Билјана Василова

01-162
06.09.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 02-164/3
09.09 2021 год.
Свети Николе

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и член 29 став 1 алинеа 2 од Статутот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Св. Николе и Управниот одбор на седницата оддржана на ден: 09.09.2021 година донесе:

# О Д Л У К А

**За усвојување на Годишен извештај за работата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гоенва“ Свети Николе за учебната 2020/21 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишен извештај за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Рахилка Гонева“ Св. Николе за Учебната 2020/2021 година број 01-162 од 06.09.2021 година.

**Член 2**

Управниот одбор му предлага на Советот на општина Свети Николе да го усвои Годишниот извештај за работа за учебната 2020/2021 година

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и истата да се достави до Советот на Општина Св. Николе.

Управен одбор:
Претседател:
/Павле Јованов/

01-162
06.09.2021

**ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „РАХИЛКА ГОНЕВА“ СВЕТИ НИКОЛЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 01-162
06.09 2021 год.
Свети Николе




# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА Ј.О.У.Д.Г. „РАХИЛКА ГОНЕВА“ СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

**СВЕТИ НИКОЛЕ, СЕПТЕМВРИ 2021**

01-162
06.09.2021

## СВЕТИ НИКОЛЕ, СЕПТЕМВРИ 2021

**СОДРЖИНА:**

ВОВЕД......................................................................................................................**3**

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ...**4**

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ НАДВОР ОД УСТАНОВАТА.......................................................................... **6**

РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА.........**6**

ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ОБЈЕКТИТЕ........................**6**

РАЗВОЈ НА ПРИСТАП КОН УЧЕЊЕ...................................................................**30**

ЈАЗИК: КОМУНИКАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПИСМЕНОСТ................................**31**

КОГНИТИВЕН РАЗВОЈ И СТЕКНУВАЊЕ НА ОПШТИ ЗНАЕЊА.................**33**

ЛОГИКА И РАЗМИСЛУВАЊЕ..............................................................................**34**

РЕАЛИЗИРАНИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ (ТЕМИ И ПРОЕКТИ)...........................................................................................................**35**

ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ.....................................................................................**37**

01-162
06.09.2021

ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ.....................................................................**40**

СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ.......................................................................**41**

МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСОВО РАБОТЕЊЕ НА УСТАНОВАТА.................**42**

**ВОВЕД**

Воспитно – образовната и згрижувачка дејност во Ј.О.У.Д.Г Рахилка Гонева Свети Николе како дел од целокупниот воспитно-образовен систем во текот на 2020/2021 година се реализираше одговорно и совесно преку соодветно планирање,програмирање,евидентирање и евалуирање на работата.

Детските градинки претставуваат институции од јавен карактер за организирано згижување и воспитување на децата.

По наметнатата вонредна состојба од КОВИД -19 во РСМ нашата установа беше отворена на 09.09.2020 година со одлука од владата на РСМ само клон 2, додека клон 1 беше отворен на ден 21.09.2021 година две недели подоцна поради појава на позитивен случај кај вработена.

Активности и занимања и спроведување проекти во новата воспитна година според протокол се одвиваа самостојно во занималните без мешање на децата од други групи и без работа на помош од стручната служба.

Стручната служба беше ангажирана во извршување на административни работи а дел од нив и со работа во група заради спазување на протоколот кој не дозволуваш повеќе од ограничениот број на дечиња во групите, а потребата од одење во градинка на децата беше голема.

Технички воспитувачите во текот на годината беа поддржани со лаптоп компјутери во сопственост на установата кои непрекинато и успешно ја реализираат програмата на проектот за Колегијална поддршка преку учество на состаноци и обуки и предавања преку

ZOOM состаноци и дружења а повремено кога е неопходно и предавања и вежби во природа –дворот на градинката.

Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста-интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој а со тоа и на важноста на организираното создавање на услови за тој развој па затоа и целите и задачите на градинката се формирање на сестрано развиени личности,способни и одговорни кои активно треба да се вклучат во училишниот систем а понатаму и во современото опшстествено-збиднување.

Добро организирано воспитание и образование на децата од предучилишна возраст претставува концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно прецизирани принципи од причина што овој сегмент од детското воспитание и образование е од голем општествен интерес.

Па затоа и стратегиите и педагошките акции се по насока на создавање и градење на институција во рамките на која децата ќе престојуваат безгрижно ,удобно,ке растат и ке се развиваат во вистински личности кој ке се карактеризираат со безброј позитивни особини.

Годишниот извештај за работа претставува законска и статутарна обврска и ја презентира состојбата во врска со организацијата и реализацијата на целокупната дејност во детската градинка како организиран вид на згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

Годишниот извештај за работа е од јавен карактер и е изготвен согласно тезите поставени од Министерството за Труд и Социјална Политика-сектор за заштита на децата.

Целите и задачите кои беа поставени со годишната програма за работа на градинката во смисла на создавање и обезбедување на оптимални услови за успешно згрижување, воспитување и образование во работната 2020/2021 година беа реализирани како во квантитативна така и во квалитативна смисла.

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Како појдовни основи во постапката за изготвување на годишниот извештај за работа на Ј.О.У.Д.Г Рахилка Гонева користени се.

01-162
06.09.2021

закон за заштита на децата сл.весник на РМ бр. 22/13, 12/14, 46/14 (Службен весник на РМ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на РСМ број 104/19,275/19)

-
- програма за раното учење и развој од 06.03.2014 година
- стандарди за рано учење и развој кај децата од 0-6 години, документ изработен од МТСП на РМ и канцеларијата на УНИЦЕФ
- годишната програма за работа на Ј.О.У.Д.Г Рахилка Гонева 2020/2021 година
- годишните планови за работа на објектите во кој се вклучени сите активности што се предвидуваат во текот на годината
- условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите,задачите и програмските содржини
- годишни извештаи од стручните работници и соработници во установата и извештаи од одговорните воспитувачи по објекти за реализација на активностите предвидени со годишната програма 2020/2021 година.
- Настани кои се наметнаа од новонастанатата состојба на пандемијата со цел да го доближиме на дечињата правото на заштита од вируси како и почитување на правилата за да го зачуваме сопственото здравје.

Целокупната работа  се темелеше на,

- Реализација на воспитно-образовните активности во рамките на установата од типот

- куклени претстави
- гостување на надворешни лица-соработници во градинката- собраќаен полицаец
- приредби
- работилници (есенски, новогодишна, осмомартовски но овој пат без присуство на трето лице)
- реализација на проекти со препорака од нашето ресорно Министерство МТСП на РСМ.во просториите на градинката.

Оваа учебна година  се реализираше работилница по повод 8-ми Март ,Првоаприлската шега и завршната приредба на дечињата од големите групи  но само во рамките на установата без присуство на родителите.

01-162
06.09.2021

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ

- прошетки во кругот на зградата на градинката
- набљудување на природата
- посета на зоолошка градина во Скопје не се реализираше иако беше во програмата
- посета на аеродром Скопје не се реализираше иако беше во програмата причина за нереализирани активности Епидемијата која ја зафати земјата и пошироко целиот свет.

Не се реализираше и програмата на стручните работници и соработници, но во текот на целата година извршуваа работни задачи кои ги наметна целокупната состојба. Извршуваа административни задачи и беа распоредени во групи кога налагаше состојбата заради помал број на деца во групи.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА

Установата преку реализација на Програмата „Интеграција на еколошката едукација" во Македонскиот образовен систем-ОХО и преку многубројни активност креативно-содржински поткрепено, осмислено, планираше и реализираше активности поврзани со екологијата, здравата животна средина.

Активностите беа од типот садење на садници, уредување на дворните површини, активности за заштеда на електрична енергија и вода и рециклирање на пластика.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ОБЈЕКТИТЕ

Во континуитет во текот на целата измината година продолжија активностите во насока на одржување на постоечките услови за работа согласно со сите прописи и правила за добро работење и добар и здрав престој на децата во градинката.

Одржувањето на објектите беше ставено на терет на самофинансирачката сметка на установата. Имено нашите објекти се прилично стари и во истите особено електричната и водоводната инсталација се премногу стари и дотраени и од тие причини имавме појава на многу дефекти.

01-162
06.09.2021

Оваа година ја заменивме старата дотраена водоводна инсталација која беше со наталожени цевки бигор, пукнати и изрешетани цевки и во клон 2 .

Распишавме тендер ја сменивме целата водоводна инсталација со нови ПВЦ цевки немавме време да се мислиме и веднаш пристапивме кон решавање на проблемот за кои луѓето задолжени за одржување на истата во тој период алудираа постојано дека има голем проблем .

**Во помошната кујна во клон 2 набавивме Машина за миење садови професионална.**

**За централната кујна набавивме и блендер за професионална намена и Професионални моноблок фрижидери од висока класа изработени од инокс по HACCP стандарди - со заоблени ивици во внатрешноста Изолација со дебелина од 70mm за максимална заштеда на енергија. Можност за избор на број на полици. Опремени со тркалца за лесно поместување, LED осветлување при отворање на врата и брава за заклучувањеИзолација со дебелина од 70mm за максимална заштеда на енергија. Можност за избор на број на полици. Опремени со тркалца за лесно поместување, LED осветлување при отворање на врата и брава за заклучување**.

**За подобрување и усовршување на кадарот набавивме за секој воспитувач Македонска илустрирана енциклопедија за деца до 6 годишна возраст, градинската библиотека ја зголемивме со две книги 100 илустрирани басни од ЕЗОП, стручна литература за логопед и дефектолог.**

**КЛОН 1 ул.Кочо Рацин бр.41 – реализиран проектот „Реконструкција на санитарни јазли “ во месец 11 и 12 /2020 година**

**Започната е реконструкција замена на надворешни прозори и врати на клон 1 за ЕНЕРГЕТСКИ ПОЕФИКАСНА ГРАДИНКА која ќе заврши до средината на Септември.2021**

**Посебно сме горди на реализацијата на овој проект Реконструкција на санитарни јазли “ кој во 2021 година во 05 и дел од 06 месец се реализира И во КЛОН 2 ул.Филип Втори бб Свети Николе**

01-162
06.09.2021

**Перманентно одржување на тревниците и садниците во дворовите**

- Одржување на уредност на тревниците
- Одржување и фарбање на оградата на дворовите и поправка на истата
- Хортикултурно уредување на просторот околу објектите што значи дека во контиунитет се обрнуваше внимание на уредноста на просторот околу објектите на тој начин што редовно се одржуваше хигиената на дворовите и тревата.

Оградите се цел на уништување од страна на граѓаните кои свесно ја оштетуваат оградата со цел да добијат некаква скратена патека низ нашите дворови, успејавме да го изолираме тоа во претходната учебна година а во оваа воспитна година безбедноста на нашиот имот ја зголемивме **со поставување на видео надзор во двата клона со вкупно 16 камери.**

Главната порака која постојано се упатуваше до родителите како наши корисници и непосредни соседи и секако до граѓаните е дека треба да се чува и негува сето она што е околу градинката и во градинката

**Покрај поставената стаза од бекатон плочки од страната кај салата 10 метри, ја прередивме и главната стаза која беше пропадната а ги поправивме и шахтите односно беа вдлабнатини кои преставуваа опасност за дечињата а воедно и за родителите кои ги носат своите најмили во градинка, сега ги израмнивме со нивото на патеката**.

**Организација, внатрешно уредување и услови за работа на градинката**

01-162
06.09.2021

Јавната Општинска Установа Рахилка Гонева – Свети Николе, својата дејност ја остваруваше во три објекти и тоа..

Два објекти на територијата на Општина Свети Николе

- објект на ул. Кочо Рацин бр. 41
- објект Филип Втори бб

и еден објект во Општина Лозово

-објект во други простории ООУ„Кирил и Методи“ Свети Николе не функционираше оваа година поради протоколот кои беше наметнат од Пандемијата на КОВИД -19

Објекто во Општина Лозово беше во функција до 30.03.2021 година а веќе од 01.04.2021 година подпадна под Општина Лозово.

Вработените Негователот и помошен готвач беа трансформирани по спроведена постапка од 05.05.2021 година.

Од 01.04.2021 година Јавната Општинска Установа Рахилка Гонева – Свети Николе, својата дејност ја остваруваше во два објекти:

- објект на ул. Кочо Рацин бр. 41
- објект Филип Втори бб

Обединувањето на севкупната дејност во градинката се извршува преку службите кои извршуваат работа од заднички интерес за објектите и тоа следење и унапредување на основната дејност превентивна-здравствена заштита, административно-правни и финансиски работи, тековно одржување на објектите, набавки, транспорт на храна како и подготовка на храна.

## Работно време и структура на вработените во градинката

Работното време на детската градинка започнува во 05,30 часот и завршува во 17 часот. Во тој временски интервал родителите можат да ги носат децата во градинката секој според своите потреби со што настојувавме приемот да биде до 08,30 часот за да можат децата да ја следат секојдневната програма заедно со своите другарчиња. Престојот беше организиран во две форми целодневен престој и полудневен престој. Работното

01-162
06.09.2021

време на вработените во установата е регулирано со член 67 од законот за Заштита на деца Сл. весник 23/13 на РМ статутот на установат, одлуки на директорот за работно време, Одлука на Совет на Општина Свети Николе број 0801-831 од 28.07.2020 година, Правилникот за систематизација во кои што се наведени описот и работните задачи според работното место.

Целокупната работа во градинката ја извршуваа 67 вработени и тоа.

-65 извршители на неопределено време

-2 извршители на определено време

(Во текот на годината 5 извршители на неопределено време заминаат во пензија)

-2 извршители-договор на дело

-6 извршители преку проектот на ЛЕР-ОКР 2020 (три месеци со скратено работно време во период од Септември до 30.11 2021 година). Од кои

-2 извршители остана преку проектот на ЛЕР-ОКР 2020 (шест месеци со скратено работно време во период од Септември до 29 ти Февруари).

Со решен статус на вработени лица на неопределено време како Приправници Негователи се здобија 4 лица

Неговател стручен работник -4 лица на неопределено време и

Неговател стручен работник -2 лица на определено време

## Структурата на вработените за учебната 2020-2021 беше следната

| **Р.бр** | **Работно место** | **Број на извршители** |
|---|---|---|
| **1** | Директор | 1 |
| **2** | Помлад соработник-секретар | 1 |
| **3** | Помлад соработник- | 1 |

01-162
06.09.2021

| | | |
|---|---|---|
| | сметководител | |
| 4 | Самостоен референт за економски работи | // |
| 5 | Дипломиран дефектолог | 1 |
| 6 | Дипломиран логопед | 1 |
| 7 | Дипломиран музички педагог | 1 |
| 8 | Дипломиран педагог по Физичко воспитување | 1 |
| 9 | Виша медицинска сестра | 1 |
| 10 | Воспитувач на деца од 2-6 год.возраст | 17 |
| 11 | Воспитувач на деца од 6-10 год.возраст | 2 |
| 12 | Негователи* | 19+2 на определено време |
| | Приправник Неговател | 4 |
| 13 | Готвач | 2 |
| 14 | Помошен готвач | 2 |
| 15 | Садомијач-сервирка | 2 |
| 16 | Хигиеничар | 7 |
| 17 | Хаусмајстор | 3 |
| 18 | Магационер | 1 |
| 19 | Перачка | 1 |

**Напомена:**

01-162
06.09.2021

**-Еден неговател на деца од 2-6 годишна возраст замина во пензија во месец Октомври 2020 год.**

**-Еден неговател на деца од 2-6 годишна возраст замина во пензија во месец Ноември 2020 год.**

**-Еден воспитувач на деца од 2-6 годишна возраст замина во пензија во месец Декември 2020 год.**

**-Еден неговател на деца од 2-6 годишна возраст замина во пензија во месец Февруари 2021 год.**

**-Еден воспитувач на деца од 2-6 годишна возраст замина во пензија во месец Април 2021 год.**

## Просторни услови

### Објект на ул. Кочо Рацин бр. 41

Овој објект е изграден на 01.10.1973 година со вкупна површина 4982 м2, 1776 м2 зграда и 3206 м2 дворно место.

Објектот е од тврда градба наменски граден и е така поставен што обезбедува сончева изложеност и осветлување, естетски уреден, адеквате и соодветен на педагошките барања спрема капацитетот за сместување на децата. Овој објек располага со

-простории за игри.активности и дневен одмор

-простории за воспитно-образовниот, згижувачкиот кадар и административниот кадар

-музички кабинет

-изолациона соба

-кујна (централна)

-перална

-подрумски простории (магацин за прехрамбени артикли и средства за хигиена, скривница)

-котлара

-тоалети за деца

-тоалети за возрасни

Овој објект располага со капацитет за згрижување на 240 деца  односно 168 деца по протоколот за Ковид 19 на возраст од 0-6 годишна возраст поделени во воспитни групи според возраста и тоа:

-2 групи-развоен период до 2 години-целодневен престој

-2 групи-развоен период од 2-3 години –целодневен престој

-2 групи-развоен период од 3-4 години-целодневен престој

-3 групи-развоен период од 4-5 години-целодневен престој

-3 групи-развоен период од 5-6 години –целодневен престој

Затоплувањето во објектот се реализира со нафта.

**Објект на ул. Филип втори бб**

Овој објект е изграден на 01.12.1982 година со вкупна површина 4085 м2

Зграда 1379 м2 и 2706 м2 дворна површина.

И овој објект е од тврда градба наменски граден, обезбедува сончева изложеност и осветлување, естетски уреден, адекватен и соодветен на педагошките барања спрема капацитетот за сместување на децата.

Овој објект располага со:

-простории за игри, активности и дневен одмор

-простории за воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар

-изолациона соба

- кујна (помошна)

- кујна (адаптирана за потребите на народната кујна за приготвување на оброкот лицата корисници на социјална помош)

-перална

-котлара

-тоалети за деца

-тоалети за возрасни

Напомена-една просторија е дадена на користење на Центарот за социјална работа-Дневен центар за лица со посебни потреби.

Овој објект располага со капацитет за згрижување на 105 деца односно 93 деца по протокол Ковид 19 од 0-6 годишна возраст поделени во воспитни групи според возраста:

-1 групи-развоен период до 2 години-целодневен престој

-1 гупа-развоен период од 2-3 години-целодневен престој

-1група –развоен период од 3-4 години-целодневен престој

-1 група-развоен период од 4-5 години-целодневен престој

-2 група-развоен период од 5-6 години (1-целодневенј)

Затоплувањето во објектот се реализира со нафта.

**Објект во Општина Лозово**

Овој објект што го користевме оваа година беше во сопственост на општина Лозово кој го адаптираа  за работа со деца од предучилишна возраст, адекватен и соодветен на педагошките барања.

Во него имаше:

-простории за игри, активности и дневен одмор

-кујна (помошна)

-тоалети за деца

-тоалети за возрасни

Овој објект располагаше со капацитет за згрижување на 27 деца односно 24 деца по протокол Ковид 19 од 12-месеци до 6-годишна возраст поделени во воспитни групи.

-1 група комбинирана –развоен период-од 12 месеци до 5-годишна возраст

-1 група-развоен период од 5-6 години-полудневен престој

Затоплувањето во објектот беше на парно греење на електрична енергија, без надоместоци бидејќи постоечкиот објект кој припаѓаше на општина Лозово се гради наново односно се гради нова градинка која ќе биде во сопственост на општина Лозово.
Во новиот објект каде привремено се сместени децата се наоѓа на ул.Маршал Тито бб Лозово, исто така функционираат и двете паралелки со ист број на деца во групите, но без можност за поголем број бидејќи по квадратурата се намали капацитетот на установата.
Од 01.04.2021 година објектот општина Лозово како подружница се оддели од ЈОУДГ „Рахилка Гонева" Свети Николе и премина во детска градинка во сопственост на општина Лозово. Дечињата беа префрлени во новата ЈОУДГ „Срцко" Лозово, а вработените по спроведена постапка за трансформација од 05.05.2021 година стекнаа статус на вработени во ЈОУДГ „Срцко" Лозово со истите работни места.

**Објект во други простории**
Овој објект располага со капацитет од 27 деца од поагање во основно училиште до 10 години возраст

Овој објект е адаптиран за работа со деца од училишна возраст, адекватен и соодветен на педагошките барања.

01-162
06.09.2021

1 група развоен период од од поагање во основно училиште до 10 години возраст.

-простории за игри, активности и дневен одмор

-фискултурна сала

-кујна (помошна)

-тоалети за деца

-тоалети за возрасни

Затоплувањето во објектот се реализира со нафта

Оваа воспитна година небеше во функција поради спреченоста од пандемијата КОВИД 19

## Уредност на дворните површини

Во поглед на надворешниот простор градинката располага со дворни површини засадени со тревни и цветни насади кои редовно се одржуваа. Истите се функционални и се користеа при непосредна реализација на активностите со децата како и за игра и рекреација кога временските услови тоа го дозволуваа. .Се освежи оградата на клон 1 се офарба во шарени бои.

Воспитниот кадар го уреди дворниот простор едукативно со цртежи офарбани, складно вклопени и интересни за дечињата.

Дворот почесто се користеше за игра и едукативна настава секогаш кога дозволуваа временските услови, избегнувајки го затворениот простор заради вирусот и почитувајки го протоколот за работа.

Напомена. Објектот во општина Лозово не располага со дворна површина бидејќи истиот е сместен во кругот на училиштето „Методи Мицевски Брицо„.

Исто така и за просторот во ООУ „Кирил и Методиј“каде е сместена групата ос 6 до 10 години развоен период.

## Опременост на внатрешниот простор

01-162
06.09.2021

Внатрешниот простор во објектите е опремен со потребни сресва, соодветен мебел, инвентар и друга опрема потребна за организација и реализација на воспитно образовната работа како и за нега на децата, салата опремена со детски играчки лизгалки, лулашки, кукички за деца кои се користеа наизменично од групите со претходна дезинфекција на истите и проветрување на просторот.

Просториите во кои престојуваат децата до 6 годишна вораст се опремени со мебел, дидактички средства, разни видови играчки, конструктивен и друг материјал согласно со возраста на децата.

Преку овие материјали децата се стимулираа за активно и конкретно истражување при што доминираше методот на игра. Во занималните се реализираа и воспитно-образовните активности поделени во центри за рано учење. Овие центри претставуваат тематски структуриран простор кој што на децата им овозможуваше да работат на различен начин и притоа да се реализираат индивидуалните и групните цели на учење.

-литературен центар

-математички центар

-центар за игри со конструктивен материјал

-научен/истражувачки центар за игри на улоги,драматизација и куклени претстави.

Воспитувачите и негователите водеа секојдневна грижа околу естетското уредување и дизајнирање на просторот особено на центрите за рано учење и развој кои во овие занимални се различни според бројот и намената а во зависност од потребата на воспитната група.

Објект во други простории

Објектот се наога во склоп на училиштето ООУ „Кирил и Методи“-Свети Николе

## Аудио-визуелни средства и други технички помагала

Опременоста со современи средства и помагала, аудуио–визуелни и акустични средства не задоволува. Градинката располага со следниве технички средства:

-музички систем

-телевизори во воспитните групи

-компјутери во управата

-фотокопир

-дија филм

- USB приемници -16 засекоја група - USB приемник голем со микрофон

(КАРАОКЕ)-1 наменет за клон 2 за приредби и заеднички дружења

## Стручна литература, стручни списанија и списанија за деца

Градинката располага со соодветен библиотечен фонд но **градинската библиотека ја зголемивме со**

**две книги 100 илустрирани басни од ЕЗОП,**

**стручна литература за логопед и дефектолог**

**Македонска илустрирана енциклопедија за деца до 6 годишна возраст -1**

-прирачници и методики за реализирање на воспитно-образовната работа

-педагошка и психолошка литература

Библиотечниот фонд со целата стручна литература и детски сликовници постојано и непречно беше на располагање на кадарот.

Во однос на детските списанија по желба на родителите повќето деца беа претплатени на списанието РОСИЦА од претходната година им останаа недоработени и им беа доделени уште по три броја кои заостанаа од воспитната година 2020/2021

Библиотеката е сместена во Управата

## Организација на животот и работата во детската градинка

01-162
06.09.2021

Број на деца и групи.

Со почетокот на учебната 2020/2021 година во сите објекти на Ј.О.У.Д.Г ,,Рахилка Гонева,, беа опфатени 184 деца со зголемување на бројот во групите по протокол во текот на воспитната година се зголеми до 218 деца распоредени во 20 воспитни групи во зависност од возраста на децата и тоа:

-4 групи-развоен период до 24 месеци

-15 групи-развоен период од 2-6 години

-1 група –комбинирана од 2-6 години

| Број на воспитно - образовни групи според возраста | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Објект | до 12м | 12-18м | 18-24м | 2-3 г | 3-4г | 4-5г | 5-6г | Комби-нирана 12м-6г | Шк. група |
| **Кочо Рацин** | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 2 | | |
| **Филип Втори** | | 1 | | 1 | 1 | 1 | 2 | | |
| **Лозово** | | | | | | | 1 | 1 | |
| **ООУ Кирил и Методиј** | | | | | | | | | 0 |

Низ тебели е претставен бројот на децата на почетокт и крајот на учебната година 2020/2021 година.

| **Објект на ул. Кочо Рацин** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Раз. Период | Септември | Јуни | Целодневен престој | Полудневен престој |
| **6-24 месеци** | 12 | 24 | √ | |
| **2-3 години** | 16 | 34 | √ | |

01-162
06.09.2021

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3-4 години** | 22 | 32 | √ | |
| **4-5 години** | 29 | 42 | √ | |
| | | | | |
| **5-6 години** | 37 | 23 | √ | |
| **Школска 6-10 години** | 0 | 0 | | |

| **Објект на ул. Филип Втори** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Раз. Период** | Септември | Јуни | Целодневен престој | Полудневен престој |
| **6-24 месеци** | 13 | 13 | √ | |
| **2-3 години** | 8 | 14 | √ | |
| **3-4 години** | 11 | 18 | √ | |
| **4-5 години** | 7 | 11 | √ | |
| **5-6 години** | 10 | 7 | √ | |
| **5-6 години** | | | | |

01-162
06.09.2021

| **Објект во Лозово** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Раз. Период** | Септември | Март | Целодневен престој | Полудневен престој |
| **Комбинирана од 12м-6г** | 12 | `14 | √ | |
| **5-6 години** | 7 | 7 | | √ |

| **Објект во други простории** | | | |
|---|---|---|---|
| **Раз. Период** | Септември | Јуни | Целодневен престој |
| **6-10 години** | 0 | 0 | √ |
| | | | √ |

**Бројот на децата во текот на годината варираше и не беше постојан.**

**Учебната година ја завршивме со 218 деца.(Децата од големите групи поголем дел се отпишаа).**

## Состаноци и семинари продолжија да се одвиваат преку платформата ZOOM.

Во детската градинка во текот на денот се одвиваа најразлични воспитно-образовни активности во интерес на раното учење и развојот на децата.

Тоа се следниве активности:

-прием на деца

-слободни активности и игри

-исхрана

-реализација на дневното планирање

-пасивен и активен одмор

-моторички активности

-прошетки

-набљудувања

-активности за стекнување културни и хигиенски навики

-учество во различни манифестации

-индивидуална работа со деца и родители по потреба

Во центрите за учење целокупното време беше посветено на реализирање на воспитно-образовните активности.

Планирањето на активностите за работа со деца се одвиваше тимски, и се водеше посебно внимание при изборот на темите, вклучувањето на децата во центрите за учење, при што се почитуваа детските потреби, желби, интереси. Целта ни беше збогатување на нивните искуства и сознанија, поттикнување на развојот на детската самостојност, љубопитство, сознајни вештини, добра социјализација, решавање на практични проблеми низ игра насочувајки ја нивната мисловна активност кон повисоко развојно ниво притоа почитувајќи ги и протоколите на оперативниот план за отпочнување со работа на градинките.

## Организација на животот и работата во детските јасли – развоен период од 0-24 месеци

Основната задача на работата на детските јасли е превентивно-здравствена заштита на децата, унапредување на хигиено-здравствените услови за престој на децата како и примена на игровни активности кој го поттикнуваат психофизичкиот развој на децата. Во текот на годината перманентно се водеше грижа да се задоволат сите хигиенски барања во однос на сместувачките услови и хигиената во просториите во кои што престојуваат децата. Редовно се вршеше дезинфекција и дезинсекција на просториите во кои престојуваат децата како и дезинфицирање на играчките и предметите со кои децата доаѓаа во допир. Работата со децата од детските јасли ја реализираа негователи во

01-162
06.09.2021

соработка со директорот ,стручните работници и соработници. Таа опфаќа нега, исхрана и развој од сите аспекти на децата до 2 годишна возраст кои се изведуваа преку организирано воспитно –образовни, игровни, згрижувачки и превентивно-здравствени активности.

Стручната служба на установата особено по однос на јаслените групи вложи голем напор и наспроти тоа се покажаа позитивни резултати во насока на:

-добра, квалитетна и успешна адаптација на децата во јаслените групи

-добро организиран период на адаптација

- добра успешна и соработлива комуникација со родители на децата

Во текот на годината бројот на децата во детските јасли се зголемуваше како ни дозволуваше протоколот.

**Целодневен престој / Продолжен престој**

**Активности Време**

- прием на децата и слободни активности до 8,15 h
- подготовка за појадок 8,15 h
- реализација на дневното планирање 9,00 h
- ужинка 10,00 h
- тоалет и подготовки за спиење 10,20 h
- пасивен одмор – спиење 10,50 h
-подготовки за ручек 12,50 h
-тоалет
- ручек 13,10
- миење раце и тоалет 13,40 h
- слободни игри и престој на воздух 14,00 h
- ужинка 15,00 h
- реализација на дневното планирање 15,30 h –
- слободни игри 16,00 h
- заминување на децата до 17,00 h

## Организација на животот и работата во детската градинка-развоен период-2-6 годишна возраст

01-162
06.09.2021

Работата со децата од дел од градинка (развоен период-2-6 години) ја реализираа воспитувачите и негователите во консултација со директорот, стручните работници и соработници. Сите воспитно-образовни групи ја реализираа програмата за рано учење и развој со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки донесена од Министерството за Труд и Социјална Политика и Бирото за развој на образование.

Планирањето на активностите за работа со децата се одвиваше тимски притоа посебно внимание се водеше за изборот на темите, вклучувањето на децата во центрите за учење почитувајќи ги детските желби, потреби и интереси, збогатување на нивните искуства и сознанија се со една цел да се поттикне развојот на детската самостојност, љубопитство, сознајни вештини и да се овозможи добра социјализација но само со својата воспитувачка и негователка. Стручните работници и соработници не учествуваа во работата на групите според Протокол на Ковид 19.

Децата се поттикнуваа на решавање на практични проблеми низ игра и се упатуваа на снаоѓање во ситуации со кои можат да се соочат во секојдневниот живот.

**Организацијата на дневните активности на децата од најрана предучилишна возраст (над 18 до 24 месеци)**

**Целодневен престој**

- прием на децата и слободни активности до 8,15 h

- подготовка за појадок и појадок 8,15 h

- реализација на дневното планирање 9,00 h –

- ужинка 10,00 h - реализација на дневното планирање

-10,30 h - ужинка

-10,30 h –слободни игри и престој на свеж воздух

11,30 h –тоалет,подготовка за ручек –

12,00 h – ручек

12,45 h -пасивен одмор - спиење

14,45 h –ужинка

-15,10 h -реализација на дневното планирање –

-15,30 h- слободни игри

-17,00 h –заминување на децата

01-162
06.09.2021

**Организацијата на дневните активности на децата од постара предучилишна возраст (над две до четири години**

Целодневен престој

Активности Време

-прием на децата и слободни активности (игри по избор на децата) до 8,15 h

-утринска гимнастика 8,15 h

-појадок 8,30 h

-реализација на дневното планирање 9,00 h

-ужинка 10,00 h

-реализација на дневното планирање 10,30

-прошетки, набљудувања и престој на свеж воздух 11,00 h

-ручек 11,45 h

-пасивен одмор- спиење 12,15 h

-ужинка 14,15 h

- 15,15 h -слободни игри

16,30 h -средување на центрите за учење 16,50 h

-заминување на децата до 17,00 h

**Организацијата на дневните активности на децата од постара предучилишна возраст (над четири до шест години)**

Целодневен престој

Активности Време

-прием на децата и слободни активности (игри по избор на децата) до 8,15 h –

-утринска гимнастика 8,15 h

-појадок 8,30 h

-реализација на дневното планирање 9,00 h

-ужинка 10,00 h

-реализација на дневното планирање 10,30 h

- средување на центрите за учење 11,00 h

-ручек 11;40 h

-пасивен одмор-спиење 12,15 h

-ужинка 14,10 h

-реализација на факултативни програми (програми по избор на родителите, децата, пр.јазик, балет)

15,00 h -реализација на дневното планирање

15,30 h -слободни игри

16,25 h -средување на центрите за учење

17,00 h -заминување на децата до 17,00 h

**Организацијата на дневните активности на децата над три до шест години опфатени во полудневен престој**

**Полудневен престој**

**Активности Време**

- прием на децата и слободни активности до 7,30 h
- утринска гимнастика 7,45 h
- реализација на дневното планирање 10,00 h

-ужинка 10,30 h

- реализација на дневното планирање 11,00 h
- прошетки, набљудување и престој на воздух 11,45 h

-средување на центрите за учење 12 h

**Организацијата на дневните активности на децата над три до шест години опфатени со скратени програми во центрите за ран детски развој**

**Скратени програми**

**Активности Време**

**- прием на децата до 8:00**

**- утринска гимнастика 8,00**

**- реализација на дневното планирање -8.45 до 10,45**

**-средување на центрите за учење 10.45-11,00** h

## Реализација на програмата за рано-учење и развој

01-162
06.09.2021

Годишниот извештај е заснован врз Годишната програма за реализација на воспитно-образовната работа за 2020/2021 година која е донесена од страна на Управниот одбор на Ј.О.У.Д.Г „Рахолка Гонева„ а е во согласност со програмата за рано-учење и развој за децата од предучилишна возраст во Јавните детски градинки во кординација со Бирото за развој на образованието и Министерството за Труд и Социјална Политика.

Со Програмата за рано учење и развој се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој базирани врз Стандардите за рано учење и развој, цели, примери на активности, очекувани резултати и соработка со родители.

Воспитно-образовните задачи и содржини се остваруваа низ разновидни форми на воспитно-образовните активности:

- слободни активности
- насочени активности
- активности како форма за задоволување на детските потреби од храна одмор, одржување на хигиената
- проекти

При реализацијата на програмата за рано учење у развој посебно внимание и акцент се стави на следниве домени:

- Физичко здравје и моторен развој
- Социоемоционален развој
- Развој на пристап кон учење
- Развој на јазикот,описменување и комуникацијата
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

## Развоен период од 0-24 месеци

Активот на негователи заедно со стручната служба и директорот редовно ги планираа содржините за реализирање на игровните активности со децата до 2 години. Планирањето се спроведуваше еднаш месечно со насоки за дневно планирање на игровни активности и тоа на две развојни нивоа:

- за деца на возраст до 18 месеци
- за деца на возраст до 24 месеци

Планираните содржини се аплицираа воглавно преку индивидуален пристап заради возраста а се однесуваа на активности кои имаа за цел да го поттикнуваат социо-емоционалниот развој, сензо-моторниот развој, развојот на говорот и активности што ги поттикнуваа индивидуалните творечки потенцијали на децата. Овие активности почесто се менуваа во текот на денот и траат пократко, се одликуваа со поголема динамика и раздвиженост во просторијата соодветно на нивните потреби за слободно движење низ просторот, комуницирање и манипулирање со предметите од околината.

Во активностите се користеа дидактички материјали, играчки и сл. За реализираните дневни активности со децата негователите водеа редовна педагошка евиденција.

**Развоен период од 2-6 години**

## Физичко здравје и моторен развој

Здравјето и моторичкиот развој се клучни фактори во процесот на растењето и развојот на малите деца и претставуваат паралелен и комплементарен процес. Под раст се подразбираат промените кои настануваат кај децата а се однесуваат на тежината и висината и големината на телото, мускулите, коските и функцијата на внатрешните органи. Развојот се однесува на промените кој настануваат во степенот на комплексноста во извршување на одредени функции и стекнување на одредени вештини каде што се оди постепено од поедноставни до посложени промени. Развојниот процес кај децата во делот ,,Здравје и моторички развој,, е даден преку следниве субдомени:

01-162
06.09.2021

**Груб моторички развој** кој се однесува на воспоставување, контрола на рамнотежата и координацијата на деловите од телото при одење, трчање, скокање, лизгање, бркање и сл.

**Фин моторички развој –**децата стекнуваат вештини како да ги користат дланките и прстите прифаќање, цртање, закопчување, отварање, сечење, цртање форми и линии, изработување слики од природен материјал, моделирање, обликување, превиткување хартија-оригами.

Активностите за поттикнување на здравјето и моторичкиот развој беа насочени кон стекнување нови моторички вештини и моторичките активности најмногу се реализираа преку подвижни игри а во насока на јакнење на мускулите на шаката, развој на прецизноста, координација око-рака, и перцептивен развој.

## Социо-емоционален развој

Социо-емоционалниот развој е еден од клучните аспекти кој има силно влијание врз развојот на личноста и успехот во подоцнежниот живот. Социјализацијата е процес во кој преку индивидуална интеракција со својата социјална средина детето усвојува знаења, вештини, навики, ставови, вредности кој му се потребни за успешно функционирање во средината. Во рамките на социо-емоционалниот развој се издвојуваат два клучни аспекти во развојот на детето:

**-социјален развој** кој се однесува на развивање способност за адаптација во нова средина, интерперсонални односи и комуникациски вештини, развивање на социјалната перцепција, се негува и развива социјалната интелегенција, се усвојуваат норми и обичаи во различни средини и ситуации, негување и развивање на чувство на љубов и почит кон својата држава.

**-емоционален развој** – активностите беа насочени кон поттикнување и развивање свест за сопствените чувства,чувство на сигурност,доверба и прифатеност во

околината,поттикнување на детето да гради сопствени начини на изразување на чувствата прифатливи и препознатливи за другите, градење на позитивен однос кон себе, развивање на емоционалната интелегенција, оспособување на детето да го контролира изразувањето на емоциите, поттикнување да учествува во разрешување на животни проблемски ситуации, да се гордее со своите постигања и верувања во своите способности. Активностите за поттикнување на социо-емоционалниот развој најчесто се реализираат во следните центри на учење: семејно-драмски, етнолошки и татковински.

## РАЗВОЈ НА ПРИСТАП КОН УЧЕЊЕ

Раното детство е пероид кога децата учат како да учат и тие пристапуваат кон овој дел од учењето на различни начини. Пристапот кон учењето преставува основа за преостанатите домени во процестот на раното учење и развојот на децата. Овој домен со однесува на тоа како децата учат, а не на тоа што децата учат. Пристапот кон учењето се однесува на детската љубопитност и интерес на неговата инијативност, на упорноста, креативноста и на инвентивноста, како и на способноста за рефлексија и интерпретација. Детскиот пристап кон учењето се однесува и на мотивацијата, однесувањето, инкогнитивните стилови коишто децата ги демоснтрираат кога учат нешто ново и секогаш во различни ситуации. Децата треба да бидат мотивирани да ги користат претходно стекнатите знаења и вештини. Секое дете е индивидуа сама за себе, тоа има единствени само за него својствени потенцијали коишто треба да се поттикнат и да се негуваат. Развивањето и негувањето на овој домен остава белег на понатамошниот живот на секое дете. Во рамките на доменот пристап кон учењето се одвојуваат два субдомеи:

1. **ЉУБОПИТНОСТ И ИНИЦИЈАТИВНОСТ**

Детето може да научи нови работи и да стекне нови искуства и да преземе иницијатива

2. **КРЕАТИВНОСТ И ИСТРАЈНОСТ**

01-162
06.09.2021

Детето покажува истрајност во преземените активности, настојува успешно да ги заврши, поставува цели и го следи поставенит план со помош на ворзасен (воспитвач), ги прифаќа предизвиците и истрајува во активноста покрај можните фрустрации. Детето може да ја корсти својата креативност во секојденвните активности (различна употреба на играчките – зема некој предмет кој личи на телефон и се преправа дека зборува; ја менува намената на предметите за општа уоптреба – лажица и тенџере како ударни инструменти; игра симболички игри – игра во улога на продавач, учителка, мајк, татко..).

# ЈАЗИК: КОМУНИКАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПИСМЕНОСТ

Усвојувањето на јазикот и неговото правилно користење е важно за успешното функционирање на секоја индивидуа во општеството. Правилното усвојување на јазикот е комплексен процес кој започнува од раѓањето на детето и главно е условено од голем број фактори. Со усвојување на јазикот детето всушност усвојува еден моќен и комплексен симболички систем кој го развива и усовршува во текот на целиот живот. Јазикот на децата им е неопходен да ги изразат своите мисли и чувства но во исто време тој е неопходен да ги разберат и другите лица со кој тие секојдневно стапуваат во комуникација.

Во рамките на доменот јазик, комуникација и развојна писменост се одвојуваат три субдомени:

## КОМУНИКАЦИЈА

01-162
06.09.2021

Со помош на комуникацијата детето соодветно одговара на соодветниот јазик започнува да го разбира демонстрирајќи говорни вештини во комуникацијата со околината.

## ЧИТАЊЕ

Со помош на читањето кај детето се развива интересот кон печатени материјали и препознавање на пишани симболи и букви.

## ПИШУВАЊЕ

Со помош на пишувањето кај детето започнуваат активности (чкртање, цртање) кој понатаму се развиваат во вештини за пишување преку кој се искажуваат одредени идеи.

Реализираните активности беа насочени кон негување на јазикот на децата кој е неопходен за да ги изразат своите мисли, децата покажуваа интерес за раскажување приказни,интерес за именување на букви во пишан текст, интерес за самостојно пишување на буквите од своето име, за драматизации и игри на улоги, за разгледување на сликовници и друг печатен материјал, раскажуваа настани по слики, интерес за цртање на разни форми со повеќе потези. За развојот на јазикот, комуникацијата и писменоста се користеше и центарот за ,,читање и пишување,, (библиотека).

01-162
06.09.2021

# КОГНИТИВЕН РАЗВОЈ И СТЕКНУВАЊЕ НА ОПШТИ ЗНАЕЊА

Развојот на интелектуалните и менталните способности на децата се потпира на когнитивниот развој кој во предучилишниот период претставува динамичен прогресивен процес, кој настанува како резултат на интеракцијата на детето со останатите објекти, субјекти и настани кои се случуваат во неговата околина.

Процесот на когнитивниот развој вклучува комплекс на ментални активности како истражување, откривање, презентирање, сортирање, класифицирање и меморирање, помнење, развивање на имагинацијата. Меѓу другото, влијанието врз когнитивниот развој се фокусира на поттикнување на логичкото мислење кај децата, развојот на мисловните функции (анализа, синтеза, воопштување, заклучување, вреднување, поврзување), на совладување и користење лесни математички операции и броеви, како и научниот пристап во обичното секојдневие, запознавање и разбирање на околината, на другите луѓе,живата и неживата природа, потоа на развивање умешности во користење на сетилната перцепција за развивање на процесот на користењето на мисловните функции во учењето, откривањето, поврзувањето и разбирањето. Когнитивниот развој го опфаќа и влијанието врз интелектуалните способности на детето, како и на интерперсоналните способности на детето.

Се реализира низ следните аспекти:

-логика и размислување

-математика

-наука-запознавање и разбирање на околината

-уметност-ликовно воспитание и музичко воспитание

## ЛОГИКА И РАЗМИСЛУВАЊЕ

Преку логиката и размислувањето кај детето се развива способноста да истражува и открива нови работи,истражуваше разни видови на предмети и материјали,учевствуваше

во разни истражувачки активности врз чија основа ја тестираше својата претпоставка за причинско-последичните врски.

## МАТЕМАТИКА

Преку развојот на математичките и нумеричките вештини се поттикнува развој на математичко изразување, развивање на логичко размислување и решавање на проблеми,развивање на вештини поврзани со употреба на бројки, нумерички операции и мерни единици.

## НАУКА

Преку овој субдомен детето стекнуваше информации за средината преку набљудување и манипулација, ги опишува и набљудува карактеристиките на живиот свет (растенијата и животните), карактеристиките на неживата природа и осознава за човекот како живо и општествено суштество.

## УМЕТНОСТ

Уметничкото изразување е многу важна компонента во развојот на детската личност и детското искуство. Детето на свој автентичен начин умее да ги изрази своите чувства преку музика, театар, цртање, движење сето тоа како дел од неговиот когнитивен развој.

## РЕАЛИЗИРАНИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ (ТЕМИ И ПРОЕКТИ)

01-162
06.09.2021

Планирањето на активностите за работа со децата се одвиваше тимски еднаш месечно на ниво на Активот на воспитувачи во консултација со стручните работници. При тоа посебно внимание се водеше за изборот на темите, определувањето на развојните задачи, вклучувањето на децата по центрите за учење, индивидуализацијата, начините и формите на соработка со родителите. Сето тоа беше планирано почитувајки ги детските потреби, желби и интереси, а со цел збогатување на нивните искуства и сознанија. Оваа година беа планирани и реализирани 10 теми и тоа:

**1.Јас во мојата градинка**

**2.Убавините на есента**

**3.Дом и семејство**

**4.Традиции и обичаи**

**5.Животните од минатото до денес**

**6.Зимски приказни**

**7.Мојот град и околината**

**8.Волшебна пролет**

**9.Ние во сообраќајот**

**10.Летото доаѓа**

Изборот на содржини, активности и теми се планираа и реализираа според:

-карактеристиките и специфичностите во групите

-карактеристиките и специфичностите според возраст

-различни услови за работа и опкружување

Во текот на годината во реализацијата на Програмата за работа беа планирани следниве проекти:

1. **Еко-градинка**
2. **Садница плус(засадување на семенски материјал)**
3. **Бон-тон(едукативен проект)**

4. **Превенција на орални заболувања**
5. **Да ги заштитиме децата во сообраќајот**
6. **Градот низ детските очи**
7. **Биди и ти Лино пријател**
8. **Од дете за дете(хуманитарно едукативен проект на МТСП)**
9. **Рамни стапала**
10. **Одгледување и консумирање на здрава храна**
11. **Рециклирање со имагинација**
12. **Семејство и семејни вредности**
13. **Моја хигиена-моја навика**
14. **Здрави животни навики**
15. **Традиционални игри**
16. **Спорт и спортски активности**
17. **Воведување на почит кон различностите и мултикултурализам**

## ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Грижата за безбедноста и здравјето на децата е една од приоритетните задачи на секој кој учествува во згрижувањето на децата, а воедно основна потреба и право на секое дете.

01-162
06.09.2021

Реализатор на здравствената дејност е педагошко медицинска сестра – Неговател задолжен за непрекорно извршувањње на алгоритмот за следење на состојбата во време на Пандемија во тесна соработка со стручен тим од: дефектолог, логопед, а во координација со директорот на установата, негователите, родителите и сите останати фактори кои се вклучени во остварување на овие задачи.

Во текот на учебната 2020/2021 година беа реализирани следниве активности во делот на здравствената дејност:

1.Водење досие за секое дете

2.Следење на физичкиот развој на децата

3.Опсервација, тестирање, следење и рехабилитација на артикулативните проблеми

4.Здравствена заштита и превенција од болести

5.Организација на задолжителни медицински прегледи на вработените

6.Набавка на санитетски материјали

7.Набавка и презентација на средства за хигиена

8.Контрола на хигиената во сите работни објекти

9.Организација и контрола на исхраната на децата

## ВОДЕЊЕ ДОСИЕ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

При прием на секое новопримено дете беше отворено досие во кое се внесуваа личните податоци за детето, податоци за календарска имунизација, податоци за минати или сегашни болести како и податоци за родителите на детето. Досието на детето во текот на школаската година се надополнуваше со податоци за извршените антрополошки мерења, прележани болести и слично.

## СЛЕДЕЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО

01-162
06.09.2021

За подобар увид на развојот на детето беа вклучени антрополошки мерења кои опфаќаат:

-мерење на телесна тежина

-мерење висина

-мерење на обемот на главата

-мерење на градниот кош

-мерење на абдоменот

Добиените мерки се внесуваат во досието на детето, а дополнително се прави и листа на сите измерени деца поединечно по група која се истакнува на влезната врата за информирање на родителите.

## ПРЕВЕНТИВА, ТЕСТИРАЊЕ, ДИЈАГНОСТИКА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА АРТИКУЛАТИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ

-Логопедска превентива се одвива на календарска возраст од 3 до 6 години и вклучува дететктирање и откривање на говорно јазичните пореметувања.

-Логопедско тестирање со тест за артикулација на гласовите.

-Логопедска дијагностика одредување на тераписка програма и тоа:

-вежби за еластичност на јазикот, вежби за третман на говорот, вежби за аудитивен развој, вежби за артикулационо стимулирање на гласот, вежби за усвојување и употреба на новиот глас, вежби за аудиолошка перцепција на гласови и следење на говорно јазичната функција.

-Логопедска рехабилитација низ логопедски активности кои се:
индивидуални говорни вежби, групна тераписка работа и креативна говорна работилница.

01-162
06.09.2021

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИ

Во текот на годината се презема превентивни мерки за спречување на заразни заболувања, посебно на аерокапкови инфекции преку спроведување дезинфекција на сите подни површини, предмети, играчки инвентар.

Здравствената заштита на децата се реализираше во соработка со Здравствениот дом.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕДИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во текот на годината беа организирани санитарни прегледи и тоа:

-еднаш годишно за сите вработени

-два пати годишно за лицата кои работат во кујните и нивните заменици

-Систематски преглед еднаш во две години извршен во месец 12/2019 година

Сите вработени извршија лекарски преглед согласно измените на Законот со кој се одредува здравствената способност на работникот.

## НАБАВКА НА САНИТЕТСКИ МАТЕРИЈАЛ

**Секој објект беше снабден со санитетски материјал за примарна помош при повреда.**

**Набавка на средства за дезинфекција како**

**Антибактериски сапун**

**Гел за дезинфекција на раце**

**Средства за дезинфекција на мебел и под**

**Каљачи**

**Ракавици**

01-162
06.09.2021

**Заштитни маски**

## КОНТРОЛА НА ХИГИЕНАТА НА СИТЕ ОБЈЕКТИ

Во континуитет беше вршена контрола на објектите и тоа: редовно одржување хигиена на постелнината, играчките, санитарните чворови, подните површини и сл. Хигиената беше на високо ниво при што имаше голема ефикасност во текот на целата година.

Покрај класичните средства за хигиена се набави нов тип концентрати со еколошка линија.

Просториите се дезинфецираа на секој два часа и целодневно проветрување.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И КОНТРОЛА НА ИСХРАНА НА ДЕЦАТА

Исхраната на децата како битен фактор за растот и развојот на детската личност беше планирана од комисија за изготвување на двонеделна листа за јадење секој месец. Комисијата внимаваше децата да добиваат избалансирана исхрана во однос на дневните енергетски потреби внимавајќи на соодносот на протеините,јаглените хидрати и мастите според возраста на децата која ќе придонесе за правилен психофизички развој.

## ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Јавната и културна дејност во установата се реализираше низ повеке разновидни форми кои им овозможија на децата да бидат вклучени во истите. Беа организирани разни приредби,прослави,ликовни конкурси и други манифестации како што се: Есенска приредба, Нова година но секоја група во својата просторија немешајки се со другите групи односно трети лица. Од големо значење да се напомене и соработката на нашата установа со Општината завземајки учество во разни манифестации.

01-162
06.09.2021

# СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Во учебната 2020/2021 година постигната е активна соработка со родителите низ повеќе облици, разновидни, спонтани и планирани начини и форми на заемно комуницирање и дејствување.

Најуспешни и најчести облици на соработка со родителите беа индивидуалните средби и тоа преку секојдневните разговори меѓу родителите и воспитувачите при носење на децата во градинката и помеѓу родителите и негователките, при земање на децата од градинка и тоа за нај карактеристичните манифестации што се забележани во текот на денот кај детето и за сето она кое што го интересира родителот во врска со неговото дете и тоа посебно за новозапишаните деца. Писмена комуникација со родителите најчесто се реализираше еднострано и тоа градинката кон семејството како информации со различна содржина. Едукација на родителите се реализираше преку стручни написи на паноата во влезовите од објектите. Друга форма на соработка која се применуваше беа и родителските состаноци кои задолжително се одржуваа двапати во годината, а по потреба и почесто. На нив се разгледуваа теми од областа на воспитувањето на детето, значењето на соработката како и актуелни прашања од областа на здравствената заштита, животот и работата во градинката. Други форми на соработка со родителите беа и приредбите и прославите во кои учествуваа децата, со цел да се информираат родителите, за она што научиле децата од пооделни подрачја.

Соработката со родителите се одвиваше и преку заеднички работилници родители-деца-вработени на ниво на група и објекти и тоа преку разни форми како:есенски работилници, новогодишни работилници, работилница по повод празникот 8 ми Март.Со тоа се негуваше отвореноста на градинката кон родителите(семејството) која претставува битна алка во синџирот што значи воспитување.

01-162
06.09.2021

# МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСОВО РАБОТЕЊЕ НА УСТАНОВАТА

Бројот на запишани деца во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Свети Николе не е постојан . Редовноста на плаќањето од страна на родителите е доста подобрена што е исто значаен фактор во стабилноста на буџетот на Установата. Износот за престој на дете во Установата за целодневна програма и понатаму останува 1.490,00 (непроменета цена од 2004 година). Со Одлука од Управниот одбор на Установата, семејствата кои во Установата имаат запишан повеќе од 2 деца добиваат олеснување од целосната партиципација.

Во Установата и понатаму се реализира проектот „Народна кујна" преку кој се обезбедува топол оброк за 116 до 89 и до 103 корисници на социјална помош од општина Свети Николе, проект преку кој Установата остварува одреден приход.

Дел од приходите се остваруваат и со оброци што ги користат вкупно 10 (десет) корисници на услугите на Дневниот центар од Свети Николе.

Во однос на расходите, најголемиот процент од истите паѓа на исхраната на децата, која е приоритет во Установата и се изготвува според претходно утврдени нормативи пропишани од Заводот за домаќинство и континуирано контролирани од Дирекцијата за храна при Завод за здравствена заштита.

Ние посветуваме големо внимание на подобрување на условите за престој на децата и опремата која е во секојдневна употреба, се со цел да се обезбеди квалитетен, пријатен и престој со високи стандарди за деца од предучилишна возраст.

Дел од расходите се припишуваат на доопремување на занималните со нов дидактички и игровен материјал од програмите за изработка на детски играчки кои се соодветни и сигурни за игра на деца од јаслена и поголема возраст. Во повозрасните групи значително збогатен е библиотечниот фонд со нови едиции, адекватни и популарни приказни за децата.

**Во објектот на ул. „Филип Втори“ бб се реализираше проектот „Реконструкција на санитарни јазли“**

**-Замена на водоводната инсталација во внатрешниот дел (заменети старите ргосани цевки со пвц пластика)**

**-Професионална Машина за садови**

01-162
06.09.2021

**Во објектот на ул. „Кочо Рацин"бр.41 е набабено е**

**-За централната кујна блендер за професионална намена и**

-Професионални моноблок фрижидери од висока класа изработени од инокс по НАССР стандарди - со заоблени ивици во внатрешноста Изолација со дебелина од 70mm за максимална заштеда на енергија

**-Реализиран е и проектот „Реконструкција на санитарните јазли за деца клон 1"**

**-Реализација на проект „Реконструкција на надворешната оштетена столарија прозори и врати "**

**Набавени се и собни обувки за целиот персонал како и ХТЗ обувки за хаусмајсторите.**

Ј.О.У.Д.Г.„ Рахилка Гонева"
Свети Николе

Директор
Билјана Василова